Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2023 година**

Се објавува Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2023 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година.

Бр. 09-6251/23
28.12.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2023 година

**Содржина**


**1. ВОВЕД ...... 99**

**2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА ...... 99**

**3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ ...... 99**

**3.1 Општо - целни групи ...... 99**

**3.2 Крајни корисници ...... 100**

**4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА ...... 100**

**4.1 Основни цели/приоритети ...... 100**

**4.2 Специфични цели/приоритети ...... 102**

**4.3 Одговорни сектори и одделенија ...... 102**

**4.4 Поврзаност со други области и сектори ...... 103**

**5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА ...... 103**

**5.1 Проекти ...... 103**

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ...... 122**

## 1. ВОВЕД

**Законски рамки според кои се подготвува Програмата:**

- Закон за локалната самоуправа, член 22 став 1 точка 7 („Службен весник на РМ" бр. 5/02),
- Закон за социјална заштита, член 11 („Службен весник на РМ" бр. 79/09; 36/11; 51/11; 166/12; 15/13; 79/13; 164/13; 187/13; 38/14; 44/14; 116/14; 180/14; 150/15; 192/15; 33/15; 72/15; 104/15; 173/15; 30/16) и
- Статут на Општина Центар-Скопје, член 26

**Стратегиски документи:**

- Национална програма за развој на социјална заштита

Основни начела и принципи во системот на социјална заштита

Основни начела врз кои се заснова социјалната заштита се:

1. Социјална праведност и солидарност;
2. Давање посебна заштита на немоќни и неспособни за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

Во функција на имплементацијата на законите од областа на социјалната и детската заштита што важат во Република Северна Македонија, Општина Центар-Скопје подготви Програма за соодветно и успешно обезбедување социјална заштита за своите граѓани со развивање и реализирање на најразновидни форми и облици на социјални активности според потребите на граѓаните што живеат во нашата Општина.

Со Програмата за социјална заштита и заштита на деца се продлабочува и се унапредува системот на социјална заштита за обезбедување и задоволување на потребите на граѓаните на локално ниво.

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на градинките, со претставниците од Советот на Општина Центар-Скопје и со Одделението за социјална и здравствена заштита и заштита на деца. Исто така, користена е алатката за истражување/анкетирање што ја спроведе Центарот на заедницата на Општина Центар. Резултатите и препораките од ова истражување се имплементирани во оваа Програма.

## 3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

### 3.1 Општо - целни групи

Општина Центар-Скопје преку своите програмски активности е должна да оствари здравствена, социјална и заштита на деца на следниве категории граѓани: лица со

инвалидност, деца/ млади без родители и родителска грижа, деца/млади со попречености, деца/млади со воспитно-социјални проблеми, деца/млади од еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица што злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции и алкохол, лица жртви на каква било форма на насилство и трговија со луѓе, стари лица без семејна грижа, невработени лица, лица од различни етнички заедници, самохрани родители и деца од еднородителски семејства; и сето тоа преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување, како и подигнување на свеста на населението за потребите за обезбедување здравствена, социјална и заштита на деца.

3.2 Крајни корисници

- Стари лица
- Новородени деца во тековната година
- Лица жртви на насилство
- Лица во социјален ризик
- Невработени лица
- Лица од различни етнички заедници
- Самохрани родители и деца од еднородителски семејства
- Лица со посебни потреби
- Деца опфатени во предучилишните установи (детски градинки)
- Кадри вработени во предучилишните установи (детски градинки)

## 4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

### 4.1 Основни цели/приоритети

**Основни начела и принципи во системот на социјална заштита**

**Основни начела** врз кои се заснова социјалната заштита се:

1. Социјална праведност и солидарност;
2. Давање посебна заштита на немоќни и неспособни за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

**Носители на социјална заштита** се Републиката, Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

Паралелено со процесот на децентрализација на надлежностите во социјалната заштита од централно ниво на локално ниво, се одвиваат и процесите на плурализација и деинституционализација во социјалната заштита. Овие процеси се

тесно врзани меѓу себе и тие се еднакво значајни за подобрување на социјалните услуги за граѓаните. Зајакнувањето на мрежата на услугите што ги даваат здруженијата на граѓани, правните и физичките лица е услов за успешно и посоодветно спроведување на децентрализацијата. Во развојот и во унапредувањето на мрежата на социјални услуги во процесот на деинституционализација и реализирање на програмите за социјална заштита неопходно е Општината:

- Да ја развива и да ја јакне соработката меѓу владините и невладините институции што вршат работи во областа на социјалната заштита;
- Да донесува развојни програми од областа на социјалната заштита;
- Да развива сервисни услуги и форми на вонинституционална заштита, центри за дневно и повремено прифаќање на мали групни домови, развивање мрежа за згрижувачки семејства и многу други активности.

Поради тоа, Општина Центар-Скопје има обврска да ја развива и да ја унапредува социјалната заштита, при што на своите граѓани ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во можност самостојно да ја остварат својата социјална сигурност.

Во остварувањето на надлежностите Општина Центар-Скопје е одговорна за:

- Донесување развојни програми за социјална заштита;
- Основање јавни установи за социјална заштита;
- Развивање вонинституционални форми за социјална заштита;
- Развивање социјални програми во соработка со другите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и со невладините организации.

**Вредности и принципи врз кои се темели Програмата** на Општина Центар-Скопје за здравствена, социјална и заштита на деца се:

- *Најдобри интереси на корисниците* - давање услуги што во најголема мера се усогласени со потребите на корисниците при што се почитуваат човековите права и достоинство;
- *Достапност на услугите на корисниците* - обезбедување услови и развивање услуги за да може граѓаните приоритетно да ги задоволуваат своите потреби во средината во која живеат, на локално ниво;
- *Партиципација, одговорност и самостојност на корисниците* - обезбедување учество на корисниците во донесувањето одлуки за начинот на задоволување на потребите и продуктивен живот во заедницата;
- *Континуитет на заштита и можност за избор на услуги и даватели на услуги* - развивање разновидни услуги во рамките на јавниот, невладиниот и приватниот сектор.

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес што е од особено значење за граѓаните на Република Северна Македонија бидејќи со неа се дефинира системот на политички мерки и активности со кои треба да се спречат и да се надминат основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот.

Токму затоа социјалната заштита во Општина Центар-Скопје се темели на навремена, праведна, ефективна и транспарентна испорака на општинските социјални услуги што придонесува за социјална еднаквост меѓу граѓаните во Општината.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и ефективен систем на социјална, здравствена заштита што ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците што живеат на територијата на Општина Центар-Скопје. Исто така, оваа Програма цели кон реализација на активности за заштита на децата, правото на секое дете да се вклучи во институционален облик на воспитно-образовната работа, притоа задоволувајќи ги нивните развојни потреби, потребите на семејството и општеството во целина.

Реализирањето на Програмата ќе се спроведе со низа активности од различни области во рамките на социјалната, здравствената и детската заштита, одредени во Програмата.

### 4.2 Специфични цели/приоритети

- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирањето и во донесувањето одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;
- Развој на социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на територијата на Општина Центар-Скопје;
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување нови видови социјални услуги во согласност со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно доставување;
- Продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита;
- Овозможување сите деца од предучилишна возраст да посетуваат јавна установа во најблиската околина;
- Здобивање со основни знаења, вештини и навики, развивање свест за општествена одговорност кај децата и активно вклучување во општествениот живот, развивање смисла за прифаќање, доживување и вреднување на естетските вредности, градење правилен однос кон животната средина;
- Продлабочување на активностите за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред сè, создавање стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали;
- Развивање концепт заснован врз добри и јасно прецизирани принципи за детско воспитание и образование, пред сè, раководејќи се според принципите на Програмата за рано учење и развој;
- Подготовка на детето за продолжување на образованието во основното училиште преку разни културни, еколошки, креативни и други манифестации;
- Почитување и вреднување на трудот на стручните тимови што работат на унапредување на квалитетот, како на згрижувачката, така и на воспитно-образовната работа со децата.

### 4.3 Одговорни сектори и одделенија

- Сектор за јавни дејности
- Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца

**4.4** Поврзаност со други области и сектори

- Сектор за финансиски прашања
- Сектор за поддршка на Градоначалник, Одделение за односи со јавност
- Одделение за образование, млади и спорт
- Одделение за култура

**5.** ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

**5.1** Проекти

**1. ДОДЕЛУВАЊЕ ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ - СРЕДСТВА ПРЕДВИДЕНИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

Во рамките на своите активности Општина Центар-Скопје секоја година во континуитет успешно продолжува со реализацијата на остварувањето на правото за користење парична помош за новороденче. Паричната помош изнесува 7.000 денари и еднократно ќе се доделува во текот на 2023 година на родителите на секое новородено дете што се со постојана адреса на живеење или престојување во Општина Центар-Скопје.

Барањето за користење на оваа помош и потребната документација се поднесуваат во Архивата на Општина Центар, најдоцна до навршени шест (6) месеци на новороденчето, а кое го има во електронска форма на веб-страницата на Општината.

Право на доделување парична помош се остварува за секое новороденче, како и во случај на повеќе новородени деца одеднаш.

Со ова продолжува позитивниот тренд секое семејство што ќе добие принова, а ги исполнува критериумите да се жители на Општина Центар, да добие парична помош за новороденче. Со оваа активност Општина Центар покажува дека се грижи за најмладите жители и им дава првична поддршка на родителите. На овој начин не само што се помагаат семејствата со принова, туку Општината добива и евиденција за новородените деца во Општина Центар- Скопје на годишно ниво, а со оглед на фактот дека оваа активност се реализира и претходните неколку години може да се утврди дали постои тренд на пораст или на намалување на бројот на новородени деца во Општината. Исто така, увидот во бројот на новородени деца на годишно ниво е од голема придобивка и за детските градинки на територијата на Општината бидејќи на тој начин и тие може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.

**Целни групи:**

- Родителите и нивните новородени деца, укажувајќи на важноста како идни граѓани што ќе придонесуваат за развој на општеството.

**Време на реализација:** континуирано во текот на 2023 година.

**Одговорен за реализација:** Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца на Општина Центар.

**Очекувани резултати:**

- Парична помош за младите семејства што имаат нов член или членови во семејството.
- Евиденција на новородени деца во Општина Центар-Скопје на годишно ниво.
- Детските градинки што се на територијата на Општина Центар ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.

**Буџет: 2.500.000,00 денари**

## 2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРОСТОР И ПОКРИВАЊЕ НА РЕЖИСКИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ЧИТАЛНИЦИТЕ

Општината го обезбедува просторот на веќе постојните читалници и ги покрива трошоците за комуналии за следниве две (2) читалници: „Славко Јаневски" и „Ацо Шопов". Со оваа активност на жителите во Општина Центар-Скопје им се обезбедува простор што изобилува со содржини што за нив ќе бидат интересни места што ќе претставуваат катчиња каде што ќе се среќаваат, ќе се дружат и квалитетно ќе го минуваат слободното време. Со поддршката и со организација на активностите Општината ќе ја покаже потребната грижа и помош за оваа категорија граѓани, со цел да им се овозможи колку што е можно поудобен живот на сите граѓани.

### б) Организација на активности во рамките на читалниците

Со оглед на тоа што граѓаните имаат потреба за активно учество и вклучување во општествениот живот, потребно е и нивно поттикнување преку:

- Вклучување во креирањето политики и во донесувањето одлуки на локално ниво;

- Зголемување на достапноста до културни настани;

- Воведување и спроведување програми за активно користење на слободното време;

- Поттикнување на граѓаните на самоодржување и водење активен начин на живот преку културни активности.

**Целни групи:**

- Сите жители на Општина Центар-Скопје

**Време на реализација:** континуирано во текот на цела година

**Очекувани резултати:**

- Унапредување на квалитетот на животот

**Реализатор:** Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца - Општина Центар

**Буџет: 1.100.000,00 денари**

## 3. СЕРВИС ЗА СТАРИ ЛИЦА

Имајќи ја предвид статистиката што покажува дека во Општина Центар-Скопје околу 20% од населението се граѓани на возраст над 60 години, разбирлива е потребата на Општината да реализира активности што конкретно се насочени кон овие граѓани.

Согласно со активностите предвидени во **Националната стратегијата за стари лица**

да се обезбеди континуирана грижа за стари лица во следниве сегменти:

- Дневно опслужување на основните потреби на овие граѓани
- Обезбедување примарна медицинска помош и медицински совети

**Функционирање на Сервисот за стари лица**

Според податоците добиени од изработката на социјалната карта на територијата на Општина Центар-Скопје, во 2014 година 15,3% од вкупното население биле лица на возраст над 60 години и 631 лице на возраст над 65 години. Во Општината имаше вкупно 15.269 (2015) корисници на пензиско осигурување. Просечната пензија на територијата на Општина Центар-Скопје изнесуваше 12.463,00 денари, но сега таа изнесува повеќе од 16.000 денари. Многубројните теренски истражувања покажаа дека има огромна потреба, а во согласност со тоа и побарувачка за негуватели за стари лица во домашни услови од семејствата во Општина Центар-Скопје. Главни предизвици со кои секојдневно се соочуваат старите лица се: неможност да ги извршат секојдневните активности поради старост, неподвижност и болест, влошена здравствена состојба и немање асистенција при посета на лекар, немање помош и поддршка при снабдувањето на основните прехранбени производи, немање средства за ангажирање негувател во домашни услови и сл.

Општина Центар-Скопје, имајќи ги предвид овие информации и ситуацијата во која се наоѓаат старите лица, им нуди помош и поддршка на најзагрозените лица во вид парична субвенција за ангажирање негувател за старото лице преку специјализиран провајдер на услуги и се планира со оваа активност да се продолжи како добра практика и во текот на 2023 година.
Планирано е со проектот „Центар се грижи за повозрасните" месечно да се опфатат околу стотина лица / корисници (станува збор за променлива бројка заради специфичноста на категоријата корисници) што би ги добивале следниве услуги:

• помош во извршувањето на секојдневните активности (купување, подготовка на храна, одржување на просторот, лична хигиена, кај изнемоштените стари лица ќе се врши и утринска и делумна тоалета),

• обезбедување основна помош во мобилност, лесни масажи, физички вежби, раздвижување,

• задачи од медицински аспект (носење на здравствени прегледи, контрола на крвниот притисок, набавка на лекови и водење грижа за навремено земање на терапијата),

• психосоцијална поддршка (помош во исполнувањето на социјални, културни, забавни и други потреби, одржување социјални контакти и соодветни активности во локалната заедница).

Со проектот се планира ангажирање на следниов персонал: 15 обучени негуватели и еден физиотерапевт. Во тимот ќе биде вклучен и социјален работник што ќе води евиденција за досиејата на сите корисници и ќе биде задолжен за подготвување индивидуален план за работа на негувателите.

Работното време на негувателите ќе биде организирано од понеделник до сабота само прва смена и најдоцна до 16 часот. Предвидено е секој негувател во текот на денот да оствари посета на тројца корисници кај кои ќе биде по два часа. Секој корисник ќе се посетува трипати во неделата по два часа.

Во рамките на проектот е вклучен и физиотерапевт што остварува посети кај корисниците (во согласност со нивните потреби и состојбата во која се наоѓаат) двапати во неделата по еден час во договор со корисникот. Физиотерапевт ќе добијат само оние корисници што имаат потреба од тоа според лекарски наод и со потврда од социјалниот работник дека на терен има реална потреба за тоа. Корисниците што сакаат физиотерапевт не може истовремено да имаат и негувател, се добива една услуга - физиотерапевт или негувател. Тоа може да се избере според приоритетните потреби.

**Целни групи:**
- Невработените лица што се здобиле со сертификат за негувател во домашни услови
- Старите лица што се опфатени со проектот и нивните семејства како крајни корисници

**Очекувани резултати:**
- Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење

**Време на реализација:** континуирано во текот на цела година

**Реализатор:** Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца - Општина Центар, граѓански организации, здруженија на граѓани и НВО

**Буџет: 4.900.000,00 денари**

## 4. ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Остварувањето на ова право на финансиска помош е регулирано со Правилникот за постапката за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Центар-Скопје, со кој се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење финансиски средства што се наменети за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Центар-Скопје, кои се предвидени во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, кои се нашле во акутен социјален ризик:

- Лица со здравствен проблем (кои доставиле доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето);
- Еднородителски семејства во социјален ризик (поради неплатена алиментација, долготрајност на бракоразводната постапка, недостиг од родител заради смрт или издржување затворска казна).

За утврдување на постапката и остварување на правото на финансиска помош и поддршка надлежна е Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца при Советот на Општината.

Право на користење на овие финансиски средства имаат физички лица што се жители на Општина Центар-Скопје, припаѓаат на социјално загрозените групи, а ги исполнуваат следниве критериуми:

- за здравствен проблем лицето треба да достави доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето;
- за помош при лекување заедно со барањето се доставува уредна документација што не е постара од шест (6) месеци;
- за помош на еднородителски семејства во социјален ризик треба да се достави (во зависност од ситуацијата): извод од Матичната книга на родените, извод од Матичната книга на умрените - за родител, доказ од Министерството за внатрешни работи дека родителот е исчезнат и/или доказ од Министерството за правда дека лицето издржува затворска казна подолго од шест (6) месеци.

И услови:

- подносителот на барањето да има адреса на живеење во Општина Центар-Скопје;
- подносителот на барањето може да го оствари правото на финансиска помош и поддршка само еднаш во текот на календарската година.

Распределбата на финансиските средства се одвива на квартално ниво, почитувајќи го принципот на солидарност, во зависност од расположливите средства во Буџетот за кварталниот период. Притоа, максималниот износ што може да го одобри Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца (која е надлежна за разгледување на овие барања), по одобрено барање нема да биде повисок од 30.000,00 денари.

За барањата за финансиска помош во износ што е повисок од 30.000,00 денари Градоначалникот, по барање на надлежната Комисија, ќе ја проследи предлог-одлуката на одлучување до Советот на Општина Центар-Скопје.

**Целни групи:**

- Корисници на социјална парична помош што се со постојано живеалиште на територија на Општина Центар

- Жители на Општината со влошен социјален статус

- Жители на Општината што имаат влошена или загрозувачка здравствена состојба

**Период на реализација:** во текот на целата календарска година

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца

**Буџет: 2.500.000,00 денари**

## 5. ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ ВО ЈАВНИТЕ ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Станува збор за проект што се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Ромскиот едукативен фонд, а се однесува на инклузија на деца Роми на возраст од 4 години и 8 месеци до 5 години и 7 месеци, кои се жители на Општина Центар-Скопје, а претходно не биле опфатени со предучилишниот образовен процес.

Целта на проектот е подобрување и поддршка на интеграцијата и намалување на запоставеноста на децата Роми со зголемување на нивниот број во јавните општински установи една година пред поаѓање во основно училиште.

Имајќи ја предвид важноста на процесот на интеграција на децата во образовниот систем и неговото влијание врз нивниот личен и социјален развој, Општина Центар-Скопје ќе се вклучи во проектот преку покривање на трошоците за партиципација за престој на децата во детска градинка.

Предвидено е овој проект да се спроведува во детската градинка „Раде Јовчевски Корчагин" во Општина Центар-Скопје и во 2023 година со него ќе бидат опфатени до 20 деца од ромска националност што се жители на Општината.

**Целни групи:**

- Максимум 20 деца од ромска националност што се жители на Општината

**Очекувани резултати:**

- Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар

**Период на реализација:** во континуитет

**Буџет: 300.000,00 денари**

## 6. НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ ВОСПИТУВАЧКИ, НЕГУВАТЕЛКИ, СТРУЧНИ (СО)РАБОТНИЦИ И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Главна улога во поставувањето на темелите на воспитување и образување на секој поединец во првите шест години од животот, покрај родителите, има и професионалниот кадар што работи во предучилишното образование, со особен акцент на воспитувачките и на негувателките, како и стручните служби (социјален работник, психолог, педагог, музички педагог, дефектолог, логопед, професор по физичко вопситување) во детските градинки.

Нивната основна работа со децата е продлабочување на сите активности за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред сѐ, создавање стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали.

Од тие причини Општина Центар-Скопје сака да ги мотивира сите учесници во згрижувањето, негата и воспитувањето на децата од предучилишна возраст, односно негувателките, воспитувачките, стручните (со)работници, но и помошно-техничкиот персонал од сите градинки на Општина Центар-Скопје. Предвидената награда се состои во паричен износ.

Сметаме дека на тој начин ќе ги стимулираме и мотивираме негувателките, воспитувачките и сите што, директно или индиректно, придонесуваат во работата со децата.

Постапката за избор на најдобар воспитувач, негувател, стручен (со)работник и помошно-технички персонал е на ниво на секоја од трите градинки и ќе се одвива со следнава динамика:

- Формирање Комисија за избор на најдобар воспитувач, негувател, стручен (со)работник и помошно-технички персонал;

- Секоја детска градинка доставува предлог за по тројца кандидати за воспитувач, негувател, стручни соработници и помошно-технички персонал. Предлогот предвидува професионална биографија на кандидатот, потврда за учество на обуки, семинари и други активности за стручно усовршување, потврда за учество во проекти и организација на проекти и манифестации.
- Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози и врз основа на претходно дефинираните критериуми за избор на трите категории одлучува за финалниот избор.

Доколку условите дозволуваат, доделувањето сертификати за најдобрите се реализира на завршна манифестација со пригодна програма организирана од градинката домаќин.

**Целни групи:**

- Воспитниот кадар во детските градинки во Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Мотивирани негувателки, воспитувачки, стручни (со)работници и помошно-технички персонал за ангажираност и посветеност во работата со деца, како и поголема креативност и желба за вклучување во различни проекти и дополнителни активности

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар

**Период на реализација:** февруари-јуни 2023 година

**Буџет: 400.000,00 денари**

## 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЗДРАВА ХРАНА - 16 ОКТОМВРИ

Светскиот ден на храната е меѓународен ден за здрава храна што на 16 октомври се одбележува секаде низ светот, при што се реализираат различни активности со кои се развива свеста за значењето на храната како природен извор на енергија и здравје.

Ако се земе предвид придобивката од консумирањето здрава храна и од формирањето здрави навики уште од најмали нозе, цел на овој настан е информирање и стекнување знаења и формирање соодветно однесување во однос на здравите и правилните навики во исхраната, особено кај децата и кај младите, а со тоа индиректно и кај пошироката популација.

Со разновидни креативни активности и работилници за предучилишна возраст, цела недела во октомври ќе се одбележи Светскиот ден на здравата храна, а на самиот ден ќе се презентираат реализираните креативните активности преку веб и фан-страницата на Општината.

**Целни групи:** Децата од трите детски градинки во Општина Центар-Скопје.

**Очекувани резултати:**

- Децата од предучилишна возраст учат и се информираат што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здравите навики во исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето. Особено да се уочи придобивката од консумирањето здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделението за здравствена, социјална заштита и заштита на децата е координатор на проектот.
- Трите детски градинки во Општина Центар-Скопје во кои ќе се одржуваат интерактивно-едукативните работилница со пригодна програма, а активно ќе учествуваат децата. Работилниците ќе се одржат во соработка со нутриционисти и предавачи за здрава храна.

**Период на реализација:** октомври 2023 година.

**Буџет**: **40.000,00 денари**

## 8. ПАРТИЦИПАЦИЈА НА СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА

Обезбедувањето здрава и чиста средина за децата подразбира одржување хигиена на оптимално ниво. Современите услови на живеење налагаат користење на голем број средства за одржување хигиена кај децата, во просториите за дневен престој, чајните кујни, тоалетите и сл.

Состојбата со КОВИД-19 уште повеќе ја наметна потребата од повеќекратно секојдневно чистење и дезинфицирање, како на работните површини, така и на личната и превентивната заштита на децата и на вработените. И во иднина останува понудата на производи за лична и колективна заштита, како што се: течен сапун, влажни марамчиња, тоалетна хартија, разни видови средства за дезинфекција и средства за чистење, гелови за дезинфекција на раце и др. Планираните средства за секоја градинка ќе им бидат префрлени на нивните сметки и потоа ќе ги обезбедат потребните средства за хигиена.

**Целни групи:** Децата од детските градинки во Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Обезбедување хигиена на оптимално ниво во детските градинки

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар

**Период на реализација:** континуирано

**Буџет: 900.000,00 денари**

**9. ЦЕНТАР ПЕЕ - ПРОЛЕТНО ДЕФИЛЕ**

Во рамките на проектот „Центар пее" е предвидено одбележување на Денот на пролетта 21. 3.2023 година преку музички настап на децата од детските градинки на територија на Општина Центар-Скопје. Планирано е настанот да се во Градскиот парк, на Школка, каде што на денот на пролетта ќе настапат детските хорови од трите детски градинки во Општината. Децата ќе настапат на тема пролет, будење на пролетта и звуците на природата, здрава и чиста животна средина.

Од фонтаната во Градскиот парк до Школка децата ќе дефилираат во костуми што го симболизираат доаѓањето на пролетта. Потоа по однапред договорен редослед ќе настапат со свои изведби.

Со оглед на возраста на децата што се вклучени во проектот, настанот нема натпреварувачки карактер, туку повеќе ревијален, односно децата ќе имаат можност да се претставаат преку своите настапи, а наедно да се дружат и да се забавуваат.

**Целна група:**

- Детски хорови од трите градинки во Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Одбележан Ден на пролетта преку ревијални настапи на детските хорови од градинките во Општина Центар-Скопје

- Одржан настан на тема пролет, будење на пролетта и звуците на природата, здрава и чиста животна средина

- Дружење и игра на децата од трите детски градинки

**Време на реализација**: февруари-април 2023 година

**Реализатор**: Општина Центар - Сектор за јавни дејности и детските градинки во Општина Центар

**Буџет: 0,00 денари**

**10. ГЕРМАНИЈА НА ДЛАНКА - 3 Октомври**

По повод 3 Октомври, Денот на германското единство, Општина Центар, како пријател на германскиот јазик и почитувач на германската култура и традиција, веќе неколку години вложува свои ресурси во однос на почитувањето и развојот на германскиот јазик во градинките и во училиштата на територија на Општина Центар.

Знаеме дека со учењето на други јазици и други култури придонесуваме за развојот на детскиот интелект и личност и отвораме можност за истражување на други „светови".

Преку овој проект ќе ги покажеме различностите и сличностите помеѓу двата народа, помеѓу двата јазика.

Децата од градинките ќе настапат со своја програма на објектот Школка во Градскиот парк и секоја градинка ќе се претстави со свој дел. Една градинка ќе презентира германски национални јадења, друга ќе презентира германски знаменитости, трета градинка ќе ги презентира германската традиција и обичаи.

**Целни групи:** Децата од средните и од големите групи од градинките во Општина Центар

**Очекувани резултати:** Децата да научат повеќе за германскиот јазик и традиција.

**Време на реализација**: мај-октомври 2023 година

**Реализатор:** Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на деца заедно со вработените и децата од градинките во Општина Центар

**Буџет: 10,000 денари**

**11. РАНА СЕНЗИБИЛИЗАЦИЈА И РАНО УЧЕЊЕ НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК КАЈ ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ**

**(во рамките на проектот за одбележување на деновите на франкофонијата во Општина Центар) „Ајде да ја запознаеме Франција"**

Во рамките на одбележувањето на деновите на франкофонијата во нашата држава во март на тој настан се вклучува и Општина Центар-Скопје во соработка со трите детски градинки и ООУ „Димитар Миладинов". Францускиот јазик е јазик на културата и модерното време и е на трето место по застапеност на интернет, по англискиот и германскиот јазик.

Општина Центар го поддржува значењето на францускиот јазик, култура и вредности преку одржување голем број интерактивни работилници и забавни активности за децата од предучилишна возраст. Проектот „Ајде да ја запознаеме Франција" за рана сензибилизација и рано учење на францускиот јазик кај децата од предучилишна возраст е поддржан од Францускиот институт во Скопје и Амбасадата на Република Франција во нашата земја.

Децата од градинките ќе имаат можност да го посетат Францускиот институт, кој е опремен со богата медијатека и мултимедијална опрема и овозможува приближување на библиотеката уште од најрана возраст и искачување едно скалило погоре во смисла на осовременување на квалитетот во воспитувањето и образованието. Децата ќе имаат можност да разгледуваат сликовници и детски книги, ќе играат друштвени игри и ќе гледаат анимирани француски филмови со познати детски јунаци.

Воспитно-стручниот и педагошкиот кадар во градинките ќе организираат работилници: цртање, моделирање, творење и прикажување на француски цртани филмови во занималните и дворовите и ќе реализираат завршна приредба.

Во текот на неколкумесечната реализација на проектот, Институтот ќе им зајми на градинките детски книги и сликовници по француски јазик за специјално дизајнираните франкофонски катчиња, а со тоа најмладите секојдневно ќе се запознаваат со познатите детски ликови од француските сликовници и книги од современото француско книгоиздаваштво.

Во 2020 и 2021 година Францускиот институт и Амбасадата на Република Франција во Скопје овозможија бесплатно реализирање на часовите за рана сензибилизација и рано изучување на францускиот јазик кај децата од предучилишна возраст во Општина Центар. Се одржуваа видеопрезентации преку апликацијата падлет, во услови на светска пандемија, наместо со физичко присуство на професор по француски јазик во градинките.

Се надеваме дека и оваа година ќе излезат во пресрет и ќе го поддржат овој проект што со задоволство е прифатен и од децата и од стручно-воспитниот кадар.

**Целни групи:** Децата од детските градинки во Општина Центар.

**Очекувани резултати:**

Пораката е уште од најрана возраст да се овозможи запознавање и зголемена информираност за францускиот јазик, култура, творештво, стил и префинетост.

Претставува придобивка да се биде во контакт со овој јазик, а тоа ќе придонесе да се почитуваат различните културни вредности на другите земји и да се развијат љубопитноста и интересот кај децата за изучување странски јазици.

**Реализатор:**

Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на децата.

**Период на реализација:** тековно од февруари 2023 година.

**Буџет: 0,00 денари** од Општина Центар-Скопје и донација од Францускиот институт во Скопје.

## 12. ПЛАЌАЊЕ СМЕТКИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Иако се очекува средствата од блок-дотациите што се трансферираат од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија за плаќање на комуналните трошоци на детските градинки да бидат задоволени во голема мера, сепак, Општина Центар ќе врши доисплата на сметките за електрична енергија, особено таму каде што недостигаат финансиски средства. За таа цел на детските градинки ќе им бидат префрлени средства со кои ќе може да ги намируваат трошоците за горespоменатите потреби.

**Реализатор:** Општина Центар

**Буџет: 500.000,00 денари**

## 13. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА АНГАЖИРАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН ВОСПИТЕН КАДАР (ВОСПИТУВАЧКИ, НЕГУВАТЕЛКИ И ХИГИЕНИЧАРКИ)

Земајќи ја превид состојбата со пандемијата и проблемите со кои се соочуваат градинките за престој на веќе запишани деца и упис на нови, согласно нормативот за присуство на деца (по протокол) во групите, пропишан од надлежните институции, утврдено е дека капацитетите на наведените установи според Протоколот се веќе максимално искористени и тоа не само постојните, туку и оние што се пренаменети и адаптирани за наведената цел. Општината, во координација со детските градинки, досега ги презеде сите мерки и ресурси за адаптација на просториите во занимални, но и понатаму останува потребата за дополнителен простор имајќи предвид дека родителите бараат опфат на деца што веќе се запишани и кои се засегнати од настанатата ситуација.

Со оглед на тоа дека детските градинки функционираат ограничено, почитувајќи ги наложените протоколи (до 15 деца на возраст за јасли и до 20 деца од две до шест години), децата се распоредени во повеќе групи, со помал број деца, така што се

јавува потреба за дополнување на бројот на лица од категоријата воспитен кадар (конкретно воспитувачки и негувателки) што би се грижел и работел со децата згрижени во градинката, како и лица од помошно-техничкиот персонал што се одговорни за одржување на хигиената во градинките, што е од особено значење во услови на пандемија.

Од тие причини, а во координација со детските градинки, Општината ќе обезбеди финансиска поддршка за ангажирање дополнителен воспитен кадар (17 лица: 5 воспитувачки, 5 негувателки и 7 хигиеничарки) во детските градинки:

- ЈУДГ ОЦ „13 Ноември" - 7 лица: 2 воспитувачки, 2 негувателки и 3 хигиеничарки;

- ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин" - 6 лица: 2 воспитувачки, 2 негувателки и 2 хигиеничарки;

- ЈУДГ ОЦ „Раде Ј. Корчагин" - 4 лица: 1 воспитувачка, 1 негувателка и 2 хигиеничарки.

Потребниот износ за нивниот ангажман ќе биде префрлан од Општината на сметка на детските градинки и ангажманот и понатамошната исплата ќе се одвива според постапките на градинката, а согласно надлежните законски процедури.

**Очекувани резултати:**

- Овозможени подобрени услови за престој и грижа на децата згрижени во детските градинки во Општина Центар
- Зголемен број на вработени лица во секоја од градинките согласно нивните потреби
- Подобрени хигиенски услови во објектите на детските градинки во Општина Центар

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на деца
- Трите детски градинки во Општина Центар-Скопје
-

**Период на реализација:** во текот на целата година за која се однесува Програмата.

**Буџет: 3.600.000,00 денари**

## 14. ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Град Скопје и да се здобијат со знаења во врска со здравствената заштита. Активноста ќе се реализира преку теоретско и практично демонстрирање на личната хигиена.

Главна цел на проектот е децата уште од најрана возраст да стекнат навики за важноста на личната хигиена, како да се заштитат од бактерии и вируси, како да се заштитат за време на пандемија и др., но и како и да се запознаат со здравствената заштита уште од најрана возраст и како да се подигне свеста на семејствата и на заедницата за важноста на здравствената заштита.

**Целни групи:**

- Децата од возрасните групи од детските градинки во Општина Центар.

**Очекувани резултати:**

- Преку овој настан децата ќе научат што значи хигиена, како да се заштитат од бактерии и вируси и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и стекнување знаења за здрави и правилни навики.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца;
- Црвен крст на Град Скопје.

**Период на реализација**: март-јуни 2023 година.

**Буџет**: **0,00 денари**

## 15. ДЕЈСТВУВАЈ ЗА ПОДОБРО ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ

Оралното здравје или „здравата уста" е од суштинско значење за да се зачуваат правилното функционирање на организмот и севкупното здравје и квалитет на животот.
Оралното здравје претставува здравје на оралните ткива и ткивата што се поврзани со нив и овозможува лицето да ги извршува сите функции без никакви знаци на болест, непријатности или пречки. Со стоматолошката заштита се спречува настанување на орални заболувања или прогресија на веќе постојните заболувања на оралните ткива.
Целта е подигнување на свеста, како и поттикнување на семејството и на заедницата да преземат мерки за намалување на штетните последици што ги предизвикуваат оралните болести. На овој настан децата ќе научат како правилно се четкаат забите, како се одржува оралната хигиена и колку е важно оралното здравје.
Особено е важна грижата за оралното здравје во најрана возраст кога се усвојуваат навики. Оралните болести претставуваат проблем за децата и влијаат врз квалитетот на нивниот живот и целокупното здравје.
Оралното здравје е многу повеќе од убава насмевка.

**Целни групи:**

- Децата од детските градинки во Општина Центар.

**Очекувани резултати:**

- Преку овој настан децата ќе научат што значи хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и стекнување знаења за здрави и правилни навики.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца;
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје.

**Период на реализација**: март-јуни 2023 година.

**Буџет**: **0,00 денари**

## 16. ОФТАЛМОЛОШКИ ПРЕГЛЕДИ ЗА ГОЛЕМИТЕ ГРУПИ ДЕЦА ОД ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Потребно е да се направи специјалистички офталмолошки преглед на децата пред да тргнат во училиште, а особено е важно навреме да се детектираат и коригираат проблемите со видот бидејќи тие може да влијаат врз нивниот физички и интелектуален развој, односно во учењето, во приспособувањето во училиште, како и во спортско-рекреативните активности.

Специјалистичкиот очен преглед е особено важен за децата бидејќи за олеснето учење потребни се следниве вештини поврзани со видот:

- Добар вид од близина и далечина;
- Просторна координација;
- Способност правилно да се движат и да се фокусираат очите;
- Координација око - рака.

Во оваа смисла, особено е важно рано да се уочат проблемите со видот кај децата бидејќи така ќе се постигнат и многу подобри резултати.

**Целни групи:**

- Децата од возрасните групи во детските градинки во Општина Центар.

**Очекувани резултати:**

- Преку овие прегледи децата од возрасните групи во детските градинки во Општина Центар ќе бидат прегледани пред да почнат да одат во училиште и наедно ќе добијат потврда за запишување во училиште, а тоа ќе претставува финансиско олеснување за родителите.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца;
- Офталмолошка ординација

**Период на реализација**: февруари-април 2023 година, под услов Општината да најде донација за офталмолошките прегледи.

**Буџет**: **0,00 денари**

## 17. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ ДЕЦАТА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

Социјалните и економските фактори влијаат врз животните процеси и имаат најсилно влијание врз здравјето, така што граѓаните со пониски приходи се и поретки посетители на стоматолошките ординации. Примарна цел на овој проект е подобрување на оралното здравје на децата во социјален ризик и во исто време ќе се влијае врз превенцијата на оралните заболувања и одржувањето на оралното здравје по пат на едукација за орална хигиена кај секој учесник посебно. Сите клинички процедури ќе бидат изведени во соработка со Стоматолошки факултет - Скопје.

Учесниците во проектот преку санирање на оралните заболувања, освен придобивките за здравјето, ќе се здобијат и со поголема самодоверба што ќе влијае и врз социјалниот општествен аспект.

**Целни групи:**

- Децата од детските градинки во Општина Центар што се во социјален ризик.

**Очекувани резултати:**

- Полесен пристап на децата од социјален ризик до поголем обем на стоматолошки здравствени услуги што ќе бидат сеопфатни, квалитетни, превентивни и куративни услуги;
- Зголемување на свеста за потребата од грижа за оралното здравје и превенцијата на оралните заболувања кај индиректните корисници и др.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата;
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје.

**Период на реализација**: континуирано цела година.

**Буџет**: **30.000,00 денари**

## 18. ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА ОТВОРАЊЕ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА

По шестгодишно успешно спроведување на проектот „Нега за стари лица во домашни услови" и добиените информации од негувателите/лицата што директно се вклучени во овој проект, Општина Центар ќе изготви физибилити студија за можностите за отворање Дом за стари лица.

Во рамките на тековниот проект Општината обезбедува нега во домашни услови за околу 100 возрасни лица месечно, но за дел од нив ова не е доволно, а сами не се во можност да се сместат и да бидат негувани во некој од домовите за стари лица.

Поради тоа, во текот на 2023 година Општината ќе изврши детални анализи и ќе изготви физибилити студија за можностите за отворање дом за стари лица на своја територија, со што целосно би биле задоволени потребите на оваа група граѓани.

**Целни групи:**
- Стари лица

**Очекувани резултати:**
- Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење

**Време на реализација:** од март до октомври 2023 година

**Реализатор:** Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца - Општина Центар, граѓански организации, здруженија на граѓани и НВО

**Буџет: 60.000,00 денари**

## 19. ОТВОРАЊЕ НАРОДНА КУЈНА

Преку Програмата за социјална заштита Општина Центар во континуитет им дава поддршка на своите граѓани што од разни причини се во категоријата лица во социјален ризик. Дел од оваа поддршка и помош е континуирано доделување пакети со прехранбени продукти на граѓани/семејства од оваа категорија.

Имајќи предвид дека во нашата Општина, за жал, има жители и семејства што се на раб на егзистенција, Општината планира да отвори народна кујна во која на овие лица ќе им се обезбедат минимално потребните оброци за преживување.

Просторот за оваа кујна е веќе одреден (Маџар Маало), а за обезбедување храна се водат преговори со општествено одговорни компании за да го поддржат овој проект. Општината единствено ќе треба да вложи во прибор за јадење и средства за хигиена за тековно одржување на просторот.

**Целни групи:**

- Лица во социјален ризик

**Очекувани резултати:**
- Подобри услови за живот

**Време на реализација:** од март до декември 2023 година

**Реализатор:** Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца - Општина Центар, граѓански организации, здруженија на граѓани и НВО

**Буџет: 300.000,00 денари**

| РЕД. БР. | АКТИВНОСТ | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | ДОДЕЛУВАЊЕ ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ - СРЕДСТВА ПРЕДВИДЕНИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА | континуирано | 2.500.000,00 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРОСТОР И ПОКРИВАЊЕ НА РЕЖИСКИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ЧИТАЛНИЦИТЕ | континуирано | 1.100.000,00 |
| 3 | СЕРВИС ЗА СТАРИ ЛИЦА | континуирано | 4.900.000,00 |
| 4 | ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | континуирано | 2.500.000,00 |
| 5 | ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ ВО ЈАВНИТЕ ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | континуирано | 300.000,00 |
| 6 | НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВОСПИТУВАЧКИ, НЕГУВАТЕЛКИ И СТРУЧНИ (СО)РАБОТНИЦИ ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | март-јуни 2023 година | 400.000,00 |
| 7 | ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА ЗДРАВА ХРАНА | септември-октомври 2023 година | 40.000,00 |
| 8 | ПАРТИЦИПАЦИЈА НА СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА | континуирано | 900.000,00 |
| 9 | ЦЕНТАР ПЕЕ - ПРОЛЕТНО ДЕФИЛЕ | февруари-април 2023 година | 0,00 |
| 10 | ГЕРМАНИЈА НА ДЛАНКА - 3 октомври | мај-октомври 2023 година | 10.000,00 |
| 11 | РАНА СЕНЗИБИЛИЗАЦИЈА И РАНО УЧЕЊЕ НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК КАЈ ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ | од февруари 2023 година | 0,00 |
| 12 | ПЛАЌАЊЕ СМЕТКИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ПАРНО ГРЕЕЊЕ ВО ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | континуирано | 500.000,00 |
| 13 | ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА АНГАЖИРАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН ВОСПИТЕН КАДАР (ВОСПИТУВАЧКИ И НЕГУВАТЕЛКИ) | континуирано | 3.600.000,00 |
| 14 | ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | февруари-мај 2023 година | 0,00 |
| 15 | ДЕЈСТВУВАЈ ЗА ПОДОБРО ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ | мај-август 2023 година | 0,00 |
| 16 | ОФТАЛМОЛОШКИ ПРЕГЛЕДИ ЗА ГОЛЕМИТЕ ГРУПИ ДЕЦА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ | февруари-април 2023 година | 0,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ ДЕЦАТА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК | континуирано | 30.000,00 |
| 18 | ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА ОТВОРАЊЕ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА | март-октомври 2023 година | 60.000,00 |
| 19 | ОТВОРАЊЕ НАРОДНА КУЈНА | март-декември 2023 година | 300.000,00 |
| | | **ВКУПНО** | **17.140.000,00** |

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

*Инклузија на граѓани од ранливи категории*

1. *Инклузија на сите деца во предучилишниот образовен процес*
2. *Унапреден систем за социјална и здравствена заштита на локално ниво*
3. *Социјални услуги достапни за граѓаните од ранливи категории на локално ниво*
4. *Еднакви можности за сите социјални категории*
5. *Безбедна средина за учење и дружење*

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **17.140.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Центар за 2023 година.

Определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2023 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува од 1.1.2023 година.

Бр. 08-6251/22
28.12.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска